РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
СКОПЈЕ
Примено: 10.02.2014
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
|---|---|---|---|
| 07- | 180 | | |

УЖ.бр.1300/2013

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Георгиевска - претседател на советот, Мирјана Василевска и Загорка Тноковска - членови на советот, со записничар , судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Дирекција за заштита на личните податоци изјавена преку Државниот правобранител на Република Македонија, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1207/2012 од 23.05.2013 година, за заштита на личните податоци, на седница одржана на ден 26.12.2013 година, донесе

# П Р Е С У Д А

Жалбата на Дирекција за заштита на личните податоци изјавена преку Државниот правобранител на Република Македонија, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1207/2012 од 23.05.2013 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У-5.бр.1207/2012 од 23.05.2013 година, тужбата на тужителот ја уважил, а Решението на Инспекторот за заштита на личните податоци во Дирекцијата за заштита на личните податоци Уп.1.бр.07-180 од 09.07.2012 година го поништил.

Против Пресудата на Управниот суд жалба изјави Дирекција за заштита на личните податоци преку Државниот правобранител на Република Македонија, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се преиначи, а тужбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Тужителот достави одговор на жалба во која наведува дека жалбата е неоснована и истата треба да се одбие како неоснована, а тужениот орган достави списи по предметот.

Вишиот управен суд, по извршениот увид во списите на прeметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај од увидот во списите по предметот се констатира дека со Решение Уп.1.бр.07-180 од 09.07.2012 година на Инспекторот за заштита на личните податоци, е одбиено барањето за поведување на управна постапка поради повреда на правото на заштита на личните податоци Уп.1.бр.07-180 од 17.05.2012 година, поднесено од . Сега тужителот , до Дирекцијата за заштита на личните податоци поднел барање Уп.1.бр.07-180 на ден 17.05.2012 година, за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци сторени од страна на , поради што на шалтерот за издавање на возачки дозволи при ı, , ја уочил изложена својата веќе предадена и неважечка возачка дозвола. Постапувајќи по поднесеното барање Дирекцијата за заштита на лични податоци со Известување за вршење на вонреден инспекциски надзор УП.1.бр.07-180 од 23.05.2012 година го информира дека на ден 30.05.2012 година, инспекторот за заштита на личните податоци ќе изврши вонреден инспекциски надзор во э, во одделот каде се издаваат возачки дозволи. По извршениот вонреден инспекциски надзор бил составен Записник УП.1.бр.07-180 од 15.06.2012 година, при што инспекторот утврдил дека на шалтерите 6 и 7 во Одделението за управни работи, Оддел за издавање на возачки дозволи, не постои јавно изложена возачка дозвола на сега жалителот, односно дека не била утврдена повреда на правото на заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, поради што било донесено и оспореното решение.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд одлучувајќи по тужбата на тужителот, истата ја уважил, а оспореното решение на Инспекторот за заштита на личните податоци во Дирекцијата за заштита на личните податоци Уп.1.бр.07-180 од 09.07.2012 година, го поништил.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 1 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05, 103/08), се

уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Согласно член 2 став 1 точка 1 од горенаведениот закон, „личен податок“ е секоја информација која се однесува на индентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се индентификува, а лице кое може да се индентификува е лице чиј индентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален индентитет, додека според точка 4 од истиот став, „субјект на лични податоци“ е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци.

Во член 18 од горенаведениот закон е регулирана постапката за правна заштита во врска со повредата на правата регулирани со овој закон.

Согласно член 44-б став 3 од горенаведениот закон, вонреден инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице како и во случај на сомневање на инспекторот за повреди на одредбите на овој закон. Вонредниот инспекциски надзор се врши и во случаите по поднесено барање согласно со одредбите од членот 18 на овој закон.

Согласно член 10 став 1 од Правилникот за начинот на вршење на инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10), инспекцискиот надзор може да биде: најавен и нејајавен, а по обем целосен или делумен.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите по предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил кога утврдил дека при одлучувањето тужениот орган неправилно ги применил наведените законски одредби и неправилно ја утврдил фактичката состојба. Имено, правилно прифатил Управниот суд кога утврдил дека тужениот орган погрешно постапил кога со Известување за вршење на вонреден инспекциски надзор УП1.бр.07-180 од 23.05.2012 година, го информирал дека на ден 30.05.2012 година, инспектор за заштита на личните податоци ќе изврши вонреден инспекциски надзор во ,
сметајќи дека тужениот орган имал можност да изврши нејавен инспекциски надзор и дека тужителот е ставен во нерамноправна положба во однос со контролорот -
Судот дал напатствија, а заради донесување на законита одлука, дека е потребно тужениот орган правилно и целосно да ја

утврди фактичката состојба, да донесе јасно и образложено решение, по грижлива оценка и анализа на сите докази доставени од страна на тужителот, па врз основа на тоа да донесе правилна и на закон заснована одлука.

Овој суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата на жалителот дека е правилно постапено од страна на тужениот орган и дека Управниот суд погрешно ја утврдил фактичката состојба, но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Правилно одлучил Управниот суд кога ја уважил тужбата на тужителот и го поништил оспореното решение, со дадени напатствија за постапување во повторната постапка, со цел правилно да се утврди дали туженот орган имал можност да изврши ненајавен инспекциски надзор во конкретниот случај, а потоа да се донесе законито решение, со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Имајќи го во предвид горе наведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 357 од Законот за парнична постапка во врска со член 7-а од Зкаонот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 26.12.2013 година под УЖ.бр.1300/2013.

Записничар - судски соработник
[redacted] с.р.

Претседател на совет - Судија
Лидија Георгиевска с.р.

/ЛС

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
III
СКОПЈЕ

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА